# Хроника од 28-та седница

**Скопје, 11.09.2015г. –** На вчерашната седница, Советот на Агенцијата ја усвои Програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија, која е во согласност со обврската на Агенцијата од членовите 2, 6 и 26 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Донесен е заклучок за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Ирис ДОО Штип. Со цел да се започнат постапки за јавна набавка, Советот донесе одлука за ребаланс на финансискиот план за 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и даде одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2015.